Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Факултет за природни и технички науки
Лабораторија АМБИКОН
ул. „Гоце Делчев" бр. 89, Пош. Фах 201
Штип - 2000, Р. Северна Македонија

Согласно обврските содржани во член 4 од Договорот за доделување на средства за финансирање на научно-истражувачки проект од посебен јавен интерес (поддршка за развој на лабораториски ресурси) под наслов: **Формирање на истражувачка група за напредна анализа на аеросоли како оддел/група во Лабораторијата АМБИКОН**, на Факултетот за природни и технички науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, а финансиран од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, се воспоставуваат следниве:

# ПОЛИТИКИ ЗА ОТВОРЕН ПРИСТАП ДО ЛАБОРАТОРИЈАТА АМБИКОН

## Општи одредби и дефиниции

1. Лабораторијата АМБИКОН, во рамки на Факултетот за природни и технички науки во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, е лабораторија за научно-истражувачка и апликативна дејност во областа на животна и работна средина.
2. Пристапните политики се применуваат и однесуваат на сите истражувачки инфраструктури на Лабораторијата и ги определуваат односите помеѓу Лабораторијата и корисниците на нејзините услуги со отворен пристап.
3. Целта на овие пристапни политики е да го дефинира отворениот пристап на истражувачката инфраструктура на Лабораторијата, услугите што ги обезбедува оваа истражувачка инфраструктура, одлучувањето по аплицирањето на барање за отворен пристап, одредбите за користење на ресурсите, формирање на цените и обврските за доверливост.
4. Во Пристапните политики се користат следниве дефиниции:

   **принципи за отворен пристап** – условите според кои Лабораторијата овозможува пристап до нејзината истражувачка инфраструктура за употреба од различни групи на корисници внатре и надвор од Факултетот и Универзитетот.

   **истражувачка инфраструктура** (инфраструктура за спроведување на истражувања) – физичките простории на лабораторијата и други материјални човечки и виртуелни ресурси и сродни услуги потребни за изведба на едукативни и современи фундаментални и применети научни истражувања.

   **ресурси** – истражувачката инфраструктура, наставно-научниот кадар и други истражувачи кои работат со инфраструктурата на лабораторијата, персоналот кој обезбедува услуги на инфраструктурата, спроведувањето на работењето на инфраструктура, самата работа, одржувањето и развојот, кои се достапни во текот на одобрениот отворен пристап.

   **услуги со отворен пристап** – услуги одобрени од одборот за обезбедување отворен пристап.

   **апликант** – физичко или правно лице, или група на лица кои аплицираат барање за користење на услуги за отворен пристап, т.е барање пристап до истражувачката инфраструктура на Лабораторијата.

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Факултет за природни и технички науки
Лабораторија АМБИКОН
ул. „Гоце Делчев“ бр. 89, Пош. Фах 201
Штип - 2000, Р. Северна Македонија

**корисник – апликант** - кому му е одобрен пристап до истражувачката инфраструктура на Лабораторијата.

**работно време на истражувачка инфраструктура** – работно време на Лабораторијата.

**време на отворен пристап** – временскиот период во кој Лабораторијата е достапна на корисниците на отворен пристап.

**време без отворен пристап** – временскиот период во кој Лабораторијата не може да се користи за отворен пристап и кој е резервиран за сопствени потреби, како и за одржување и поправки.

## Управување со истражувачката инфраструктура

5. Управувањето со отворениот пристап на истражувачката инфраструктура на Лабораторијата го обезбедува Одбор за обезбедување отворен пристап кој се состои од Раководителите на одделите на лабораторијата и Менаџерот за квалитет.
6. Одборот за обезбедување отворен пристап на лабораторијата е надлежен за одлучување за достапноста на истражувачката инфраструктура во согласност со тековната политика на Лабораторијата.
7. Еднаш во годината, раководителот на Лабораторијата доставува годишен извештај и годишен план до Деканската управа на Факултетот во која се прикажани активности во текот на изминатата година и планираните активности во однос на користење на истражувачката инфраструктура на Лабораторијата: корисниците, причина и целта на барањето, класификација на типот на услугата (научни и апликативни проекти, истражувања во различни области) и друго.

## Користење на истражувачката инфраструктура

8. Услугите на Лабораторијата се достапни за надворешни и внатрешни корисници.
9. Внатрешни корисници се сите вработени на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и студентите на трите циклуси на студии на Универзитетот.
10. Надворешни корисници се истражувачи од други државни, приватни и меѓународни универзитети, истражувачки организации, приватни компании, невладини организации, владини организации, правни лица/субјекти и индивидуални граѓани.
11. Секој апликант (потенцијален внатрешен и надворешен корисник) кој има интерес да ја користи истражувачката инфраструктура на Лабораторијата, потребно е да достави соодветно барање по е-маил или писмено до Одборот за обезбедување отворен пристап кој го разгледува барањето на апликантот и одлучува дали ќе биде одобрено.

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Факултет за природни и технички науки
Лабораторија АМБИКОН
ул. „Гоце Делчев" бр. 89, Пош. Фах 201
Штип - 2000, Р. Северна Македонија

## Пристап до истражувачката инфраструктура

12. Истражувачката инфраструктура е достапна за корисниците во согласност со процедурите дефинирани од страна на Одборот за пристап до истражувачка инфраструктура на Лабораторијата. Корисниците можат да ја користат истражувачката инфраструктура само во присуство и под надзор на персоналот на Лабораторијата.
13. Секој внатрешен и надворешен корисник на кој му е одобрен бесплатен пристап до истражувачката инфраструктура потпишува согласност со која потврдува дека е информиран со содржината на пристапните политики, за обврските и условите под кои е дозволен бесплатниот пристап и истата ја доставува до архивата на Лабораторијата.
14. По одобрување на апликацијата и одлуката за доделување пристап од страна на Одборот на надворешен корисник се изготвува договор помеѓу Факултетот за природни и технички науки и корисникот во кој се прецизираат деталите, цената на услугата и сите предвидени трошоци.
15. Времето за работа на истражувачката инфраструктура е поделено на време за отворен пристап и време без пристап.
16. Раководителот на Лабораторија го одобрува временскиот распоред за работа на истражувачката инфраструктура.
17. Обезбедувањето на услугите на истражувачката инфраструктура не може да ги прекршува позитивните законски акти и подзаконски одредби кои се поврзани со користење на јавни средства од различни извори.

## Формирање на цени за истражувачки инфраструктурни услуги

18. Цените за услугите на истражувачката инфраструктура се направени според принципот на надомест на трошоците за истражувачката инфраструктура.
19. Цените на услугите на истражувачката инфраструктура се одредени според типот на корисникот внатрешен наспроти надворешен корисник / комерцијален наспроти некомерцијален, времетраењето на работата и искористување на материјалните и човечки ресурси кои се потребни за да се изврши работата, како и други можни трошоци.
20. Цените на услугите на истражувачката инфраструктура се објавуваат јавно и може да варираат според промените во набавните цени на потрошните материјали, енергенси, трошрците за одржување, администрација и други трошоци вклучени во активностите на истражувачката инфраструктура.
21. Оштетувањата или дефектите на опремата и непотребното трошење на реагенси и потрошен материјал кои се последица на несовесно или нестручно работење, мораат да се надоместат од страна на корисникот.

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
Факултет за природни и технички науки
Лабораторија АМБИКОН
ул. „Гоце Делчев" бр. 89, Пош. Фах 201
Штип - 2000, Р. Северна Македонија

## Прибирање и користење на средства прибрани со истражувачки инфраструктурни услуги

22. Приходите добиени од обезбедувањето на услугите на истражувачката инфраструктура се користат за покривање на директните трошоци поврзани со активностите на истражувачката инфраструктура, одржување на опремата, подобрување и реновирање на Лабораторијата и за други цели кои вклучуваат обуки, учества на стручни конференции и конгреси на персоналот кои учествува во давањето на услугата на отворен пристап.

## Обврски поврзани со доверливост и заштита на интелектуалната сопственост

23. Раководителот на Лабораторијата е задолжен за обезбедување на доверливост на резултатите од секое научно истражување извршено со користење на научно-истражувачките инфраструктурни ресурси и/или услуги.
24. Сопственоста и управувањето со интелектуална сопственост создадена во Лабораторијата и обврските за доверливост се регулирани со Законот за авторски права, Закон за високо образование, Закон за научно-истражувачка дејност, Статут на Универзитетот Гоце Делчев во Штип и Статутот на Факултетот за природни и технички науки и други позитивни законски и подзаконски акти.

Лабораторија АМБИКОН

РАКОВОДИТЕЛ

Проф. д-р Блажо Боев

Факултет за природни и технички науки

Д Е К А Н

Проф. д-р Ѓорѓи Димов